СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 март 1993 година

Скопје, март 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 56-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 2.III.1993 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН - 1
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 11, 15, 16
3. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ - 17
4. ЃОРЃЕВСКИ ДУШКО - 40
5. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 37
6. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 38, 40
7. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 22
8. ПЕТРОВ ТОДОР - 32, 36
9. СТЕФАНОВ ПВТРУШ (од Владата) - 8, 24, 25, 26, 28, 31, 43, 44, 46, 55, 57, 53
10. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 35, 39


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на 56-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 март 1993 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Продолжуваме со работа.

Пратениците АЛександар Гештаковски, Ристо Стаменов, Благоја Чкатровски, Гулистана Марковска, Флоре Масалковски и Панче Насев ме известија дека од Оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точка 32** - Предлог за донесување на, закон за изменување и дополнување на Законот за општествена контрола на цените со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за општествена контрола а цените.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 65 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

За гласаа 65 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара' збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 став 2 со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 став 2 со кој Владата не се согласила.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија..

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не:бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

За амандманот гласаше само 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Продолжуваме со претресе по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 65 пратеника.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? )3)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за општествена контрола на цените.

Минуваме на **точка 33** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителството и туристичката дејност со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителството и туристичката дејност.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За, гласаа 70 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 69 пратеника.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на ;закон.

Законодавно – правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1, и за бришење на ставовите 2,3 и 5 како и зборовите кои стануваат став 4 во ставот 4 се бришат. Делот од амандманот што се однесува на член 1 став 1 и за бришење на зборовите кои стануваат став 4 во ставот 4 Владата се согласи и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Со делот од амандманот кој се однесува на бришење на ставовите 2,3 и 5 Владата не се согласува.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман за бришење на ставот 3 во член 243 со кој Владата не се согласила.

Отворам претрес по амандманот за бришење на ставовите 2,3 и 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на ставовите 2,3 и 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот за бришење на ставот 3 во член 2 и член 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам, кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

1 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на ставот 3 во член 2 и член 3 поднесен од Законодавно- правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 70 пратеници.

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителството и туристичката дејност.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија пред почетокот на денешната седница достави мислења по амандмани поднесени од Законодавно - правната комисија на текстовите на предлозите на законите што се на дневен ред на оваа седница. Со оглед на тоа заради кусиот рок од нивното доставување досега не сум во можност да ги соопштам ставовите на Владата по одделните амандмани и нивното влијание на текстот на предлозите- на законите и затоа ги молам претставниците на Владата да го изнесуваат ставот на Владата во текот на претресот на амандманите. Тоа се точките 34, 35,36,37,38, 39,40,41,42,43,44,45,46.

Минуваме на **точка 34** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за мерните единици и мерила со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го' усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за мерните единици и мерила.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 70 пратеника.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака. (пратениците креваат рака)

За гласаа 70 пратеника.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1,2, 3,4,5 и 6; и член 2 став 2,3,4,5и б; член 3 став 2,3,4 и 5 и на член 4 став' 2 и 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1,2,3,4,5 и б поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Амандманите 1,2, и 4 став 2 со кој се предлага во членот 1,2 и 4 во ставовите 3 и 5 да се. бришат зборовите кои стануваат став 3 односно кој станува став 5 како и амандманот 3 со кој се предлага во членот 3 во ставовите 3.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не само овој амандман.

I/8

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

.... и 4 да се бришат зборовите со кој станува став 3 односно кој станува став 4 се прифаќаат, со тоа, бидејќи се врши само подобрување на текстот на законот. Понатаму....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, само овој амандман. На претрес е амандманот на член 1 став 1,2,3,4,5 и 6. Дали се прифаќа?.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Овие ставови не се прифаќаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се прифаќа овој амандман.

Молам, добро. Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 стаВ'1,2,3,4,5 и 6 поднесен од Законодавно – правната комисија

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2,3,4,5 и б поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Дали се прифаќа амандманот на член 2 став 2,3,4,5 и 6.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Да, се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа немаме претрес по тој амандман.

И тој станува составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2,3,4 и 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се прифаќа.

Не водиме претрес, станува составен дел на текстот.

Отворам претрес по текстот на амандманот на член 4 став 2 и 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со(претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За, гласаа 71 пратеник.,

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за мерните единици и мерила.

Минуваме на **точка 35** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за самостојно вршење дејност со личен труд, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно- правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за самостојно вршење дејност со личен труд.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За, гласаа 71 пратеник.

Дали има некој против? (нема) .

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За гласаа 70 пратеника.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

II/1 нн/см

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Газменд Ајдерага.

**ГАЗМЕН АЈДЕРАГА:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, денеска имаме на дневен ред измени за дополнување на Законот за самостојно вршење дејност со личен труд впуштајќи се во дискусијата околу донесувањето на овој закон јас предлагам одредени работи што се тука предложени да се изземат, а тоа е прашањето врзано со член 21 каде што меѓу другото со предложениот закон се предвидува казна и за дејствијата односно се зголемуваат казните од 1500 до 15.000 денари се заменуваат со зборовите "од 5 до 15 пати".

Во одредбите на овој член е предвидена и казна доколку носителот на дејноста со личен труд вработува и повеќе од 50 работници. Имајќи ги предвид состојбите какви се денес, кога имаме големо невработување јас мислам дека овде треба да се изврши изземање. Да не казнуваме доколку некој вработува повеќе од 50 работници. Ова е прва моја дилема.

Втората дилема е дали воопшто има потреба денес да имаме закон за вршење на дејности со личен труд кога имаме закон за претпријатие. Можеби најпаметно е се да се вклопи во Законот за претпријатијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 за бришење на став 2 по кој Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на член 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за бришење на став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеника).

Дали има некој против? (двајца).

Дали некој се воздржува од гласање? (8 пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за самостојна вршење на дејност со личен труд.

Минуваме на **точката 36** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за стоковите резерви.

Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеника).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеника).

Дали некој е против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам) кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 за бришење на став 2 по кои Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за бришење на став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за стоковите резерви.

Минуваме на **точката 37** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за системот на општествена контрола на цените со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за системот на општествена контрола на цените.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеника).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеника).

Дали некој е против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

**ГАЗМЕН АЈДЕРАГА:**

Исто и тука мислам дека нема потреба за донесување на овој закон. Само да ве потсетам што ќе гласаме денеска.

Во одредбите на член 21 каде што се предвидува зголемување на казните од 30 до 100 плати меѓу другото се предвидува казнување доколку до Сојузниот извршен совет не се достават на увид заедничките односно пазарните критериуми, или ако до Сојузниот орган на управа, надлежен за работа итн... мислам работа која е надмината и за која воопшто нема потреба да се расправа.

Другата точка, ако не достави податоци за цените односно ако достави погрешни податоци. И таа работа е надмината", воопшто никој нема обврска да достави податоци за цените до надлежниот орган.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 став 1 по кој Владата на Република Македонија се согласува и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (40 пратеника)

Дали има некој против? (16 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеника).

Констатирам дека собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за системот на општествената контрола на цените.

**ГАЗМЕН АЈДЕРАГА:**

Имам процедурално прашање.

Јас предлагам да се преброиме колку не има за да се види дали е точно ова што го констатиравте сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да ни дадат точен број на пратеници.

82 пратеници се присутни.

Од 82 пратеника за Законот гласаа 40 пратеника, 16 гласаа против и б се воздржаа. 20 пратеника не гласале.

По ова интервенција констатирам дека Собранието не го донесе Законот за изменување дополнување на Законот за системот на општествена контрола на цените.

(Пратениците бараат поединечно гласање).

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Предлагам да се гласа поединечно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеника што го поддржуваат предлогот?

(Пратениците креваат рака).

**ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:**

Бидејќи е потребно да се усогласат сите овие закони јас сметам дека неправилно е извршено броењето, поради што барам поединечно изјаснување на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам 10 пратеници кои го подржуваат предлогот.

Пратениците креваат рака.

Го молам секретарот да почне со прозивките за поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ (за)
2. ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА (против
3. ЕШТРЕФ АЛИУ (за)

II/8

4. ХАМИД АЛИУ (против)
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ (воздржан)
6. СТОЈАН АНДОВ (за)
7. ТИМЕ АНДОНОВ (за)
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ (не е тука)
9. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ (воздржан)
10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ (не е тука)
11. ДРАГИ АРСОВ (против)
12. БРАНКО АРСОВСКИ (за)
13. ДУШКО АРСОВСКИ (за)
14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ (за)
15. ЈОРДАН БОШКОВ (за)
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ (не е тука)
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ (не е тука)
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ (не е тука)
19. ПЕТАР ГОШЕВ (за)
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ (не е тука)
21. САНДЕ ДАВЧЕВ (за)
22. РАТКА ДИМИТРОВА (не е тука)
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ (за)
24. ТОДОР ДИМОВ (за),
25. ДОСТА ДИМОВСКА .(воздржана)
26. БОРКО ГОРЧЕВСКИ (воздржан)
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ (не е тука)
28. ПЕТАР ГЕОРГИЕВ (за)
29. ЗУДИ ЕМИНИ (против)
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ (за)
31. ЗОРАН ЗАФИРОВСКИ (не е тука)
32. НАСЕР ЗИБЕРИ (против)
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ (за)

| | |
|---|---|
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | (за) |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | (не е тука) |
| 36. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | (за) |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | (не е тука) |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | (за) |
| 39. ИВАН ИВАНОВ | (не е тука) |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | (не е тука) |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | (воздржан) |
| 42. РИСТО ЈОВАНОВ | (воздржан) |
| 43. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | (не е тука) |
| 44. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | (за) |
| 45. ТАШКО КИРОВ | (воздржан) |
| 46. ЗОРАН КИТЕВ | (воздржан) |
| 47. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | (воздржан) |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | (воздржан) |
| 49. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ | (против) |
| 50. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | (за) |
| 51. НИКОЛА КРСТЕСКИ | (за) |
| 52. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | (за) |
| 53. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | (за) |
| 54. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | (за) |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | (не е тука) |
| 56. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | (за) |
| 57. ЕФТИМ МАНЕВ | (не е тука) |
| 58. СТРАШО МИЛКОВСКИ | (за) |
| 59. ПАНЧО МИНОВ | (не е тука) |
| 60. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | (за) |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | (за) |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | (воздржан) |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | (за) |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | (воздржан) |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | (воздржан) |
| 66. НАИФ МУСТАФА | (воздржан) |
| 67. СИМОН НАУМОВСКИ | (не е тука) |
| 68. ПАНЧЕ НАСЕВ | (не е тука) |
| 69. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | (за) |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | (против) |

II/10

71. ДУШАН НИКОКОВСКИ (за)
72. ЈОВАН НИКОЛОВ (за)
73. ТОДОСИЈА ПАУНОВ (за)
74. МИХАИЛ ПАНОВСКИ (воздржан)
75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ (за)
76. ТИТО ПЕТКОВСКИ (за)
77. ТОДОР ПЕТРОВ (воздржан)
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ (не е тука)
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ (за)
80. КИРО ПОПОВСКИ (за)
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ (за)
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ (за)
83. ШАБАН ПРЕВАЛА (воздржан)
84. ИСМЕТ РАМАДАНИ (против)
85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ (за)
86. ИВАН РАМБАБОВ (за)
87. ШУКРИ РАХИМИ (против)
88. НЕИМ СЕЛМАНИ (не е тука)
89. ФЕРИД САДИКУ (против)
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ (за)
91. АЦО СПИРОСКИ (не е тука)
92. РИСТО СТАНКОВСКИ (не е тука)
93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ (не е тука)
94. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА (за)
95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ (не е тука)
96. СТОИЛЕ СТОЈКОВ (не е тука)
97. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ (за)
98. РИСТО СТАМЕНОВ, (не е тука)
99. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ (не е ту
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (не е тука)
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ (против)
102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ (за)
103. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ (не е тука)
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ (за)
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ (за)
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ (воздржан)

107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ (не е тука)
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ (не е тука)
109. АГИМ ФАЗЛИУ (против)
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ (воздржан)
111. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ (за)
112. АБДУРАХМАН АЛИТИ (не е тука)
113. СЕФЕДИН ХАРУНИ (против)
114. МУХАМЕД ХАЛИЛИ (против)
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ (за)
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ (воздржан)
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ (за)
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ (против)
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ (не е тука)
120. ХИСНИ ШАКИРИ (против)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Лазаревска има процедурална забелешка.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници јас би сакала и Владата да ја замолам при донесување на овие измени и дополнувања на закони кои што се преземени од сојузно ниво, гледаме дека најчесто може да дојде до изгласување, т.е. неизгласување на некој битен закон. Еве во случајов промена на казнените одредби заради идеолошки аспект од некои пратеници, или пратенички групи. За тоа и минатиот пат беше сугерирано на Владата да се изнајде начин да се надминат овие проблеми и дилеми. Јас би замолила ако може во иднина на тоа да се внимава, бидејќи во овој случај се работеше за одговорност пред Сојузниот извршен совет кој што не постои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

85 пратеници се присутни од кои 49 гласале за, 16 против и 20 се воздржани. Констатирам, дека Законот е усвоен.

Минуваме на **<u>точката 38</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

III/2.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.

Кој е за, молам да крене рака. (63 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака. (63 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници) .

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.'

Молам, кој бара збор?, (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната Комисија поднесе амандмани на член 1 став 2,3 и 4 член 2 за бришење на став 3, член 3 став 1, 2 и 3, член 4 став 1 и 2 и на член 5 по кои Владата на Република Македонија не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 1 стар 2,3 и 4 под- несен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Во врска со амандманот на член 1 ставовите 2 и 4 да се бришат не се прифаќа. Ставот 3 од истиот член се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само бришењето на ставот 3 е составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Сега амандманот содржи предлог да се бришат ставовите 2

Амандманот на член го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).,

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2 и 4 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?. (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

III/4.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за бришење на став 3 поднесен од Законодавно - правната коми- си ја.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1,2 и 3 под- несен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата прифаќа во членот 3 ставот 1 да се прифати амандманот на став 1. Исто така, Владата прифаќа ставот 2 зборовите "од 10 до 25 плати" се заменуваат со зборовите: "од 5 до 15 плати" исто така се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Амандманот го ставам на гласање.

Сега амандманот се однесува само на член 3 став 3. Се друго е прифатено.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и 2 поднесен од Законодавно - правната комисија. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата ги прифаќа предложените измени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Влада ја прифаќа и оваа измена

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (63 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника)..

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.

Минуваме на **точка 39** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за енергетика.

Кој е за, молам да крене рака. (64 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака. (64 пратеници) .

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника) .

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа; седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес до текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за бришење на став 3 во членовите 1,2,3 и 5 и на член 6 за бришење на став 2, по кои Владата на Република Македонија не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 3 во членовите 1,2,3 и 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на став 3 во членовите 1,2,3 и 5 поднесен од Законодавно - правна та комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за бришење на став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за бришење на став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (67 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 40** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. ,

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација.

Кој е за, молам да крене рака? (68)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање?(1)
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам,да крене рака? (66)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман за бришење на став 3 на членовите 1, 2 и 3, по кои Владата на Република Македонија не е произнесена.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандман за додавање на 19 нови члена пред членот 1 и на членот 1.

Отворам претрес по амандманот за бришење на ставот 3 во членовите 1, 2 и 3 поднесен од Законодавно правната комисија.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на ставот 3 во членовите 1, 2 и 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот за додавање 19 нови членови пред членот 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Мислам дека Владата има доставено мислење по предложените амандмани од господинот Тодор Петров, а ние ќе ги имаме предвид

неговите предлози при изготвување на новиот закон за стандардизација а овој закон што е сега на дневен ред значи само прилагодуваше на законот за прекршоци, за висината на прекршоците. Инаку, сите тие . укажувања се разработуваат и сигурно ќе најдат свој дел во новиот закон за стандардизација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не го усвојувате.

Дали некој друг бара збор?

Збор бара господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да дадам образложение на амандманот 1 кој значи додавање на 19 нови. членови пред членот 1 со следното образложение.

Јас не се сомневам дека Владата кога ќе го изготвува новиот текст на Законот за стандардизација дека нема можеби мнозинството од овие укажувања да ги прифати и вгради во текстот на законот. Меѓу- тоа сакам да укажам на фактот дека и до донесувањето на новиот текст на Законот за стандардизација потребно е Собранието да ги прифати овие дополнувања во оваа фаза на донесувањето на предлогот за изменување и дополнување на Законот за стандардизација од следните причини:

Кога човек ќе погледне колку закони имаме на дневните редови од седниците на Собранието ќе помисли кој знае колкава работа врши ме иако впрочем вршиме само усогласување на прекршочните казни, а закони со кои се уредува економската сувереност и заокружува економскиот политичкиот и правниот субјективитет и самостојност на Македонија за да функционира како самостојна, суверена и независна држава или ги немаме или слабо ги добиваме или со ветување дека ќе ги добиеме во иднина. Рокот за усогласување на законите оние од

Македонија и оние преземени од поранешната СФРЈ помина, а беше до 17 ноември 1992 година, и ќе беше многу поумно за мене ако Владата го искористеше овој период усогласените текстови на сите закони кои ги презедовме од поранешна СФРЈ ни ги предложи заедно со измените на Законот за прекршоци и наместо да добиеме усогласени текстови на закони, добиваме закони само усогласени со измените на Законот за прекршоци.

Ако се сеќавате ние почнавме по донесувањето на Уставот со усогласување на сите овие закони, меѓутоа, бидејќи рокот 17 ноември помина не фати некоја летаргичност и сега ноншалантно се однесуваме спрема законите, кога ќе ги добиеме новите текстови на закони, тогаш ќе ги ставиме вон сила преземените сојузни прописи од поранешна СФРЈ, држава која повеќе не постои. Ќе наведам причина зошто ги предлагам овие измени.

Овие измени ги (предлагам затоа што ми се чини дека се и во рамките на процесот на меѓународната афирмација на Република Македонија како самостојна држава затоа што целиот текст на Законот се однесува за југословенски стандарди, за југословенски декларации на стока која се извезува од Македонија, за упатства кои треба да се пишуваат на јазици на народи и народности кои припаѓаа на една држава поранешни СФРЈ која повеќе не постои се, само не на македонски јазик и со ознаки Маде ин Југославија. Знаеме дека во предложениот закон никаде не станува збор за македонски стандарди, за македонски упатства, за натпис Маде ин Македонија итн. Токму од тие причини сметам дека не е прифатливо за мене лично мислењето од ,Владата со кое смета дека во навистина текст на законот ќе ги вгради овие укажувања дадени во форма на амандмани.

IV/5

Еве само еден пример. Во членот 9 став 2 пишува "исправите, техничкото упатство односно упатството за употреба на производот, како и ознаките и податоците на производот односно на декларацијата на оригиналното пакување мора да бидат напишани на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија". Сметам дека многу слабо ја искористивме можноста нашите производи да ги праќаме во странство барем оние стопански субјекти кои ги извезуваат, а познавам дека постојат такви кои веќе ги пласираат под декларација Маде ин Македонија, меѓутоа, задржувајќи ги одредбите од овој текст на закон никаде не произлегува обврска на стопанските субјекти во Републиката да вршат такво усогласување при извозот на,стоката да ја променат барем извозната декларација да не пишува Маде ин Југославија знаејќи под каква блокада е СРЈ.

Од тие причини еве на пример само во членот 2 измената што ја предлагам се однесува дека исправите, техничкото упатство односно упатството за употреба на производот, како и ознаките и податоците на производот односно на декларацијата на оригиналното пакување мора да бидат напишани, како што е утврдено во Уставот, на македонски јазик и неговото кирилично писмо. Од тие причини сметам дека, бидејќи нема веќе вооружени сили на СФРЈ, а што третира овој закон, сметам дека е упатно од министерот да даде согласност да станат составен дел, барем во овој период на усогласување на текстот а кога ќе добиеме нов текст на закон, сметам дека тогаш подетално ќе се осврнеме на сите одредби од Законот за стандардизација. На тој начин ќе се забрза и основањето на службата односно на посебна организација за стандардизација која ќе овозможи и атестирање на производите по квалитет во Република Македонија и од тие причини предлагам  министерот да даде согласност

односно доколку не даде пратениците да ги усвојат овие два амандмани на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за стандардизација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Збор бара господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ми : даде повод дискусијата на господинот Петров а и на госпоѓа Лазаревска.

Независно од тоа што имаме еден одреден ред и принцип на работа денеска, а и на минатата седница кога ги донесувавме овие закони кои значат само усогласување, да не згрешам со законот за казнени одредби итн. мислам дека се она што беше кажано од Лазаревска и од господин Петров Држи, можете да погледнете и во овој закон за кој денеска дискутираме се зборува за југословенски стандард, се зборува за поклопување или отстапување со квалитетот по југословенски стандарди и норми. Мислам дека без дилеми ова се амандмани кои во Законот кои ќе влезе во трајна употреба ќе мора да влезе, меѓутоа излегов да замолам да не го прекинуваме токот на работа заради тоа што, ако ги прифатиме овие амандмани за кои тврдам дека се сосема оправдани и прифатливи, тогаш истата таа работа ќе мора да ја работиме по сите други закони со што нема да постигнеме усогласување ни со овој закон со кој сега вршиме усогласување и затоа би замолил да продолжиме на идентичен начин понатаму да работиме да прифатиме дека е ова целисходно за што зборуваше господинот Петров и евентуално ако може, да се откаже сега од амандманите да ги извршиме тие усогласувања кои се сега можни, а при донесувањето на сите овие

нови закони и ова што е предложено и се друго што ќе сметаме дека треба да влезе тогаш да ги вградиме и тоа да биде што порано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи господинот Петров останува на своите амандмани.

Збор има господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене Законот е закон и во Собранието не постои генерален заклучок дека во овој период ќе ги усогласуваме законите сите постојни во Република Македонија со измените на Законот за прекршоци. Сакам само да спомнам уште еднаш дека Собранието кога го донесе Уставот врз основа на Уставниот закон за спроведување на Уставот отпочне една постапка на усогласување на сите закони независно што во програмата за работа на Собранието, беше утврден редослед дека ќе се носат и нови закони на самостојна. држава Македонија. Некои министерства кога;ни предлагаа закони за усогласување беа поажурни во таа постапка, па текстовите ги добивме на усогласените закони. Не станав намерно за сите други закони кои се усогласуваат во одредбите за прекршочните казни, станав посебно за овој закон затоа што овој закон ќе создаде обврска организациите кога пласираат стока на странскиот пазар да не закачуваат етикети маде ин Југославија за држава која е под блокада која дефинитивно не постои, ќе ги обврзе организациите да си закачат излезна декларација со маде ин Македонија на јазикот кој е утврден со Уставот на Република Македонија. Затоа сметав дека Министерството за стопанство затоа што таму имавме многу закони кои не ги добивме на време пред да го донесеме Законот за прекршоците со измените, не ги добивме усогласени, па сега ги добиваме со прекршочните казни, а дури отпосле ќе ги добиеме новите текстови на закони. Сметам дека

конкретно за овој закон Собранието треба да даде позитивна оценка бидејќи тоа ни овозможува една дополнителна афирмација во странство во овој процес на меѓу- . народно признавање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Ивановски

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Немаше да се јавам за дискусија доколку дискутантот пред мене повторно не инсистираше да укажеме на нешто што практично не е вистина. Имено, дека производите кои излегуваат од Република Македонија им се лепи етикета Маде ин Југославија и сакам овде да укажам дека напротив и производите кои излегуваат од Југославија им се лепи некоја друга етикета, не им се. лепи маде ин Југославија, бидејќи е таа под ембарго. Барем во^овој момент таква опасност нема никаква, бидејќи тоа никој не го става затоа што не може производот да ја замин границата и никој не сака да го прифати.

Инаку во потполност се согласувам дека е подобро да имаме нов закон отколку да ги менуваме досегашните закони. Тоа е сосема јасно и не само овој закон, тука сите други закони кои ги презедовме со Уставниот закон треба што поскоро да ги измениме сите и да ги прилагодиме на наши услови оти имаме големи проблеми, но не е само овој закон.

Би укажал дека ние како Парламент и како пратеници треба при усвојувањето на дневните редови малку повеќе да се заложиме на дневен ред да доаѓаат законите за изменување, а ние се бавиме малку повеќе со дневна политика, да не речам и со нешто повеќе и тогаш не оставаме ниту на Владата ниту на Парламентот ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте за амандманот тоа е на расправа.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Ја поддржувам дискусијата на колегата Ханџиски, мислам дека во овој момент. иако се добри размислувањата не би требало во овој закон да влезат, бидејќи ќе направат поголема конфузија отколку би дал сегашниот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство,во потполност е излагањето на господинот Петров од рричини што само еден пример ќе наведам. Товарени се фрижидери од Битола за Италија. На истите фрижидери пишува Маде ин Југославија. Истите фрижидери на границата меѓу Италија и Словенија се запленети односно доаѓа до спор три четири дена стојат истите конфискувани и однесени во халата за запленета стока. По дополнително ургирање,дојде до промена на натписот Маде ин Југославија, па да може да помине со ургенција на италијанската влада, инаку во спротивно ќе беше запленета, бидејќи Југославија е под светско ембарго. Јасен е господинот Петров и не треба тука да се натегаме и да кажуваме дека ова ќе биде вака или така. Мислам дека не држи дискусијата на господинот Ханџиски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Ханџиски.

V/1 /ДЛ/ ОМ

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Јас имав многу добри намери, тој дел од работата што можеме да го завршиме навистина да го завршиме. Се ова што е кажано во амандманите на господин Петров е целисходно, меѓутоа, ако тргневме така на почетокот да работиме така ќе работевме, ќе доаѓаа закони кои ќе мораше во себе да ги имаат сите потребни промени, не само овие што се од таков карактер од таков што се, туку и се она што е потребно да оди во текстот, трансформациите што ги направивме на економскиот систем.

Сега доаѓа вака. Ние и досега расправавме прилично, половина час околу овие амандмани. 19 амандмани се. Тие амандмани ќе мораме да ги одбиеме, не заради тоа што не се целисходни туку заради тоа што на таков начин ќе треба да постапуваме по сите закони и јас на пример си земам за право до точка 4 9 ја,с сега ќе поднесам на сите овие закони амандмани, заради тоа што, за толку сум писмен, во сите членови во кои се споменува Југославија, зошто ние ги превземавме со уставниот закон за,спроведување на Уставот некои сојузни закони, па можам да дадам амандмани во сите членови да се промени името Југославија, да се замени со Македонија и да расправаме по сите тие амандмани, на сите точки до точката 49.

Јас Ве замолив, покрај целисходноста да ја завршиме таа работа што можеме денес да ја завршиме, да инсистираме да се влегува во ова Собрание со нови законски проекти кои се во согласнсот со трансформирани економски систем и на таков начин да избегнуваме нови закони да ни доаѓаат на наредните седници со вакви неусогласени работи што ги имаме денес. Затоа го замолив господин Петров да ги повлече овие амандмани, 19, заради тоа што тие ќе бидат одбиени, а ќе треба да расправаме едно два часа за кое време ќе можеме да

поминеме неколку закони. Во спротивно јас се обврзувам на сите точки понатаму, имам време ќе дадам амандмани на сите членови во кои е потребно вакво усогласување, да се исфрли името Југославија и да се внесе името Македонија.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Јас навистина незнам до кога ќе треба да ги малтретираме извозниците од Македонија кон Европската заедница. Дали тоа ќе биде за два дена пет дена или петнаесет дена? меѓутоа оние кои навистина се занимаваат со извоз имаат проблеми бидејќи се уште на нашите производи пишува маде ин Југославија, а знаеме дека СР Југославија е под светско ембарго. Мислам ниту држи место ниту треба образложение. Ако сака господинот Ханџиски тоа можел да го стори многу порано, да поднесе амандмани.

**ГОРГЕВСКИ ДУШКО:**

Не знам, доста време губиме, дали од неинформираностили ги гледаме работите од пред две три години како биле. Меѓутоа, о што господинот Јовчевски сега го кажува тоа беше можеби пред три години. денес таква работа нема. Тоа во Југохром одамна е надмината и се си оди под име Република,Македонија, односно македонски производи. Тоа дали е маде ин или мејдин, тоа да го оставиме на стручњаците кои таму на пакетите ставаат одредени штембили. Мислам дека нема потреба Парламентот да губи огромно време затоа што е нонсенс. Никој под име маде ин Југославија не прифаќа стока. Дел од нивната стока на друг начин се пласира. Срамота е сега за ова да дискутираме овде. Сите го знаеме тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро да одиме понатаму.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање 19 нови членови пред членот 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

(Тодор Петров го повлекува амандманот).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (58)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за стандардизација.

Преминуваме на **Четириесет и првата точка** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот аз трговија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за стопанство и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија.

Кој е за молам, да крене рака? (59)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (2)
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (61)
Има ли некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (3)
Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор ? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. ,

ЗПК поднесе амандман- на член 1 став 2, 3 и 4 , член 2 за бришење на став 2 и на член 3 став 2,3,4,5,6 и 7 по кои Владата на Република Македонија не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2,3 и 4 под несени од ЗПК.

V/5.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не прифаќа во членот 1 ставовите 2, 3 и 4 да се бришат. Владата прифаќа ставот 3 односно зборовите кои стануваат став 3 да се бришат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи е усвоен амандманот на ставот 3 тогаш амандманот содржински се менува и тоа е амандман на член 1 став 2 и 4.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2 и 4 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за бришеше на став 2 поднесен од ЗПК.

V/6.-

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2,3,4,5,6,7 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВСКИ:**

Владата прифаќа во ставовите 3,5 и 7 зборовите кои стануваат став 3, кој станува став 5 односно кој станува став 7 да се брише.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи се прифаќа 3,5 и 7.

Дали некој друг»бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Амандманот сега се однесува на член 3 став 2,4 и 6.

Кој е за молам, да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 2,4 и 6 поднесени од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (55)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за трговија.

V/7.-

Преминуваме на **<u>Четириесет и втората точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон, за изменување и дополнување на законот за промет на стоки со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на законот за промет на стоки.

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (1)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

V/8.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. ЗПК поднесе амандмани на член 1 став 2, 3 и 4 , член 2 за бришење на став 3 и за бришење на став 2 во членовите 4,5 и по кој Владата на РМ не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2, 3 и 4 :поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ;**

Владата не прифаќа да се бришат ставовите 2 и 4 од членот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот се однесува на член 1 став 2 и 4.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, став 2 и 4 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не прифаќа да се брише ставот 3 од членот 2.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за бришење на став 3 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 2 во членовите 4,5 и 6 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на став 2 во членовите 4,5 и 6 поднесен од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (63).

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

V/10.-

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за промет на стоки.

Преминуваме на **<u>Четириесет и трета точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пазарнишна инспекција со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Собранието му предлагам да го усвои заклучокот.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пазаришна инспекција.

Кој е за молам, да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (62)

Има ли некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање ? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се усвои и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на член 1 за бришење на став 3 и на член 2 за бришеше на став 2 по кои Владата на РМ не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот да се брише став 3 од член 1.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

VI/1.- JJ/лј

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам, да крене рака (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за бришење на став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ**

Владата не го прифати амандманот да се брише ставот 2 од член 2.

**СТОЈАН АНДОВ**

Дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за бришење на став 2, поднесен од законодавно - правната комисија

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор, (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнуваше на законот за пазаришна инспекција.

Минуваме на **точката 44** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електроенергетската инспекција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и ЗПК, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот за донесување на закон Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електроенергетската инспекција.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? /нема/

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен. Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да е претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

65 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот:

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 за бришење на став 3, по кој Владата на Република Македонија не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 3 поднесен од ЗКП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, за бришење на став 3 поднесен од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

64 пратеници гласа за.

Дали има некој против ( Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Констатирам дека собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за електроенергетската инспекција.

Минуваме на <u>**точката 45**</u> <u>- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени материјали со Предлог на закон.</u>

Предлог за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и ЗКП, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени материјали.

Кој е за молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

65 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

66 пратеника гласаа за.

Дали има против? (Не)

VI/5.-

Дали некој се воздржува?(1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на закон.

ЗКП поднесе амандмани на член 1 став 2, 3 и 4 и член 2, за бришење на став 3, и на член 3, за бришење на ставовите 2 и 3, по кои Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2, 3 и 4 под- несен од ЗКП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не прифаќа да се бришат ставовите 2 и 4 од членот 1.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го прифаќате само ставот 3 од амандманот.

**ПЕТРУШ СТОЈАНОВ:**

Да ставот 3.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Амандманот е сега амандман на член 1 став 2 и 4.

Кој е за амандманот молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2 и 4, поднесен од ЗПК.

VI/6.-

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифати амандманот з а бришење на став 3 на член 2.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, за бришење на став 3, поднесен од ЗКП.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на ставовите 2 и 3 поднесен од ЗКП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не прифаќа ставовите 2 и 3 по член 3 да се бришат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 з а бришење на ставовите 2 и 3 поднесен од ЗКП.

Продолжуваме по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

64 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на предметите од скапоцени материјали.

Минуваме на **точката 46** - Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за инспекција на парни котли и постројки под притисок, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и ЗКП, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор? Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за инспекција на парни котли и постројки под притисок.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

64 пратеника гласаа за:

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака.)

66 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бедејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 3, 4 и 5 и на член 4 став 3, 4 и 5, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 3,4, и 5, под- несен од ЗКП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не прифаќа да се бришат ставот 3 и ставот 5 на членот 1. Владата прифаќа во ставот 4 зборовите "кој станува став 4" да се бришат, тој дел го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не е јасно повтори уште еднаш.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Во членот 1, да се брише ставот 3, Владата не го прифаќа. Исто така не прифаќа да се брише ставот 5. Во ставот 4 зборовите "станува став 4, да се бришат", тоа го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор? (Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот сега се однесува на став 3 и 5 од член 1.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, став 3 и 5 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3, 4 и 5 под- несен од ЗКП. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВСКИ:**

Владата не прифаќа ставот 3 и 5 на член 4 да се бришат. Владата прифаќа ставот 4 да се брише како што е предложено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманон го ставам на гласање. Сега амандманот се однесува на став 3, и ставот 5 од членот 4.

Кој е за амандманот нека крева рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 3 и 5 од ЗКП.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за инспекција на парни котли и постројќи под притисок.

Давам пауза до 15,00 часот.

(Седницата прекина во 13,45 часот).